**YouthLink им помага на младите луѓе на возраст од 13 до 24 години кои имаат тешкотии со нивната душевна или општествена добросостојба. Ние сме бесплатна и доверлива служба за советување, со искусни работници за поддршка кои се пријателски настроени, нема да ве осудуваат и имаат многу разбирање. Можеме да организираме бесплатен превод за да ви помогнеме при комуникацијата, а ако е неопходно, можеме ние да дојдеме кај вас.**

**Ние ги почитуваме различните култури, сексуални определби и онеспособените лица. Меѓу примерите за проблеми од душевна и општествена природа околу кои можеме да помогнеме спаѓаат: искуства со непријатни случки, тага и загуба, помисли да си нанесете самите на себе повреда, напнатост, користење на алкохол или дрога, гнев и насилство, самодоверба, и проблематични односи со други луѓе.**

**Покрај тоа, можеме да ви помогнеме да стапите во контакт со други служби што можат да ви помогнат, можеме да ви помогнеме да најдете начини да преговарате и комуницирате со вашето семејство или со други луѓе, а можеме и да ве застапуваме.**

**Отворени сме од понеделник до петок од 9.00 часот претпладне до 5.00 часот попладне, а се наоѓаме на следната адреса 223 James Street, Northbridge, Западна Австралија.**

**Ако размислувате да дојдете на разговор со нас, тогаш ве молиме да се јавите кај Службеникот за прием (Intake Officer) на 1300 362 569. Исто така можете да замолите некое возрасно лице во кое имате доверба да ни се јави од ваше име.
Ве молиме кажете ни ако сакате да организираме преведувач по телефон за вашиот јазик.**